# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

| 20.02.2024 година | Гевгелија | Број 5 Година XXXXIII |
|---|---|---|


***С о д р ж и н а***

Страна


*129.* Одлука за донесување на Детален Урбанистички план за Блок 11 (дел 11.3) општина Гевгелија, плански период 2019-2024година ------------------------------- 2

*130.* *Одлука* за донесување на Детален Урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1 и Блок 2.2, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година --------------------------------------------- 3

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за донесување на Детален Урбанистички план за Блок 11 (дел 11.3) општина Гевгелија, плански период 2019-2024година**

Се објавува Одлуката за за донесување на Детален Урбанистички план за Блок 11 (дел 11.3) општина Гевгелија, плански период 2019-2024година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 19.02.2024 година.

Бр.08-289/1
19.02.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 17.02.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

**за донесување на Детален Урбанистички план за Блок 11 (дел 11.3) општина Гевгелија, плански период 2019-2024година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Конечен Предлог Детален урбанистички план за Блок 11 (дел 11.3),општина Гевгелија плански период 2019-2024 година, со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

**Член 2**

Конечниот Предлог Детален урбанистички план за Блок 11 (дел 11.3), општина Гевгелија плански период 2019-2024 година од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од **10,86 ха.**

Границата на планскиот опфат за предметниот урбанистички план е дефинирана врз основа на ГУП на град Гевгелија, Измени и дополнувања за плански период од 2011-2021и се движи по осовините на улиците:

- на југо-исток по осовина на улица „Булевар Гевгелија“;
- на северо-исток по осовина на улица „Новопланирана 6“;
- на југо-запад по регулациона линија кон железничка пруга;
- на северо-запад по југо-источна граница на дел од Блок 11 (11.1).

**Член 3**

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план дефинирани се следните групи на класи на намена и поединични класи на намена:

**Комерцијални и деловни намени – група на класа на намени Б:**
• Големи трговски единици – основна класа на намена Б2;
**Производство, дистрибуција и сервиси – група на класа на намени Г:**
• Сервиси – основна класа на намена Г3;

**Член 4**

Просторот опфатен со Конечниот Предлог–Детален Урбанистички план за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија плански период 2019-2024 година се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Конечниот Предлог–Детален Урбанистички план за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија плански период 2019-2024 година по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-286/1
17.02.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија"" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за донесување на Детален Урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1 и Блок 2.2, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година**

Се објавува Одлуката за за донесување на Детален Урбанистички план за Блок 11 (дел 11.3) општина Гевгелија, плански период 2019-2024година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 19.02.2024 година.

Бр.08-289/2
19.02.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

------------------------------------------------------------

Врз основа на член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 17.02.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

**за донесување на Детален Урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1 и Блок 2.2, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Конечен Предлог Детален урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1 и Блок 2.2,општина Гевгелија плански период 2019-2024 година, со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

**Член 2**

Конечниот Предлог Детален урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1 и Блок 2.2, општина Гевгелија плански период 2019-2024 година од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од **24,2 ха.**

Границите на планскиот опфат за предметниот ДУП за Блок 1.2, Блок 2.1, Блок 2.2, општина Гевгелија се:
- на **север** границата се движи по осовината на постојната сервисна улица „Слободан Митров Данко",
- на **исток** продолжува по осовината на сервисната улица „Борис Кидрич",
- на **југ** се движи по осовината на собирната улица „Маршал Тито" и
-на **запад** по осовините на станбените улици „Гевгелиски Партизански одреди" и„7ми Ноември".

**Член 3**

Со Планот се утврдени следните класи на намени:

**А- Домување**
А1 – Домување во станбени куќи
А2 – Домување во станбени згради
А4 – Времено сместување

**Б- Комерцијални и деловни намени**
Б1 – Мали комерцијални и деловни намени
Б2 – Големи трговски единици
Б4 – Деловни простори
Б5 – Хотелски комплекси

**В- Јавни институции**
В1 - Образование
В3 - Култура
В4 – Државни институции

**Д – Зеленило и рекреација**
Д2- Заштитно зеленило

**Е- Инфраструктура**
Е1 – Комунална инфраструктура (улична мрежа и други инфрастуктурни системи)
Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници, катна гаража, автобуска станица).

**Член 4**

Конечниот Предлог Детален урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1 и Блок 2.2, општина Гевгелија плански период 2019-2024 година се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Конечниот Предлог Детален урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1 и Блок 2.2, општина Гевгелија плански период 2019-2024 годинапо усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-287/1
17.02.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***
***Ул. ,,Димитар Влахов" бр. 4 Гевгелија***